АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

ЦРВЕН КРСТ
на Република Северна Македонија
Бр. 0202-749/1
30.07.2021 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 32 став 1 т.8 од Статутот на Црвениот крст на Република Северна Македонија за донесување на одлуки помеѓу две седници на Раководниот одбор на Црвен крст на РСМ, донесена од Претседателот и Потпретседателите на Црвен крст на РСМ, Претседателот на ден 30.07.2021 година донесе

**ОДЛУКА**

**за изменување и дополнување на Правилникот за организирање на курсна настава и оспособување на кандидати за возачи на моторни возила за укажување на прва помош на лица повредени во сообраќајна незгода**

**Член1**

Со оваа одлука се менува и дополнува Правилникот за организирање на курсната настава и оспособување на кандидати возачи на моторни возила за укажување на прва помош на лица повредени во сообраќајна незгода (бр.0202-1087/1 од 28.12.2020 година и бр.0202-123/1 од 10.02.2021 година)

**Член 2**

Во член 5, зборот „Наставата“ се заменува со зборовите „Теоретскиот и практичниот дел од наставата“.

**Член 3**

Во член 10, по алинеја 5 се додава нова алинеја 6 која гласи “изјава за согласност на обработка на личните податоци и чување на фотокопија од лична документација“, а алинеја 6 станува алинеја 7.

**Член 4**

Во член 17, во став 2 зборот „три“ се бриши и во став 3 бројот „10“ се заменува со бројот „8“

**Член 5**

Во член 19 по став 3 се додава нов став 2 кој гласи „Уверението за оспособеност за укажување на прва помош кандидатот го подига лично или во негово име родител, старател, брат или сестра со задолжителна потврда за прием (датум на подигање, име и презиме, својство и своерачен потпис на лицето).“, а став 2 станува став 3.

**Член 6**

Во член 22, по став 3 се додава нов став 4 кој гласи: „Евиденцијата од член 14 став 2 на овој Правилник, организаторот на курсната настава ја чува две години“ став 4 станува став 5.

**Член 7**

Одлуката влегува на сила со денот на донесување.

Претседател

Проф д-р Ромел Велев

ДН:

- ООЦК/ЦКГС;
- Сектори/одделенија;
- Служба за финансии и ревизија;
- Архива